Р III 87/1977-1

Драмски театар скопје

Скопје октомври 1/7



ГЛАСНИК НА ДРАМСКИОТ ТЕАТАР - СКОПЈЕ

БРОЈ 1 — ОКТОМВРИ 1977
ИЗЛЕГУВА ПОВРЕМЕНО — СКОПЈЕ

БИБЛИОТЕКА
РО ФДУ — Скопје

СОДРЖИНА

Уводен збор 2
Репертоарни проблеми 3
Проекти на Драмскиот театар 5
Наши премиери 7
Куси вести 11
Низ периодиката за театарот 13
Актуелно од југословенската сцена 16

ИЗДАВА: ДРАМСКИ ТЕАТАР СКОПЈЕ
ЗА ИЗДАВАЧОТ ОДГОВОРЕН: Ристо Стефановски
ОВОЈ БРОЈ ГО ПОДГОТВУВА: драматургот при Драмски театар,
Витомир Митевски

БИБЛИОТЕКА
РО ФДУ — Скопје

УВОДЕН ЗБОР

Веќе самото име "Гласник" укажува на скромните претензии на материјалот што го предочуваме, кои не одат подалеку од информирање на непосредно заинтересираните со тековните проблеми и настани во Драмскиот театар и околу него. Ако зборуваме за конкретна определба на темите кои ќе бидат обработувани, на прво место ќе ги споменеме проблемите околу репертоарната политика, а би следеле коментари, избор од критика или белешки-тези за дискусија по повод изведените премиери, како и прикази на акции или проекти од уметнички карактер во Театарот. Тука нема да изостанат и вести од актуелните збидувања вон Театарот, а кои со својата важност можат да влијаат на неговиот развиток и физиономија.

Посебна димензија Гласникот може да добие ако биде прифатен како отворена ЈАВНА ТРИБИНА за изнесување на мислењата /не само на редакцијата/ по повод проблемите за кои во даденият момент најмногу се дискутира.

Ако на почетокот рековме дека амбициите на овој Гласник се скромни, тоа не значи бегање на неговите /творци/ од поголеми обврски, туку едноставно прилагодување кон реалните околности во кои тој може да заживее. За поголеми зафати е потребна концентрација на поголеми сили, па во таа смисла овој наш чекор треба да биде сфатен како ПРВ ИМПУЛС КОН создавање претпоставки за она што е домашна желба на сите искрени љубители на театарската уметност кај нас - списание за театар.
Во очекување одговор на овој наш обид, било во вид на предлози или сугестии или уште подобро - соработка

ДИРЕКТОРОТ,
Ристе Стефановски

РЕПЕРТОАРНИ ПРОБЛЕМИ

Во тек се подготовките на ПРЕДЛОГ-РЕПЕРТОАРОТ за идната 1978 календарска година.
Сметајќи ја при тоа селекцијата на понудените текстови како јавна дејност, со чие одвивање треба да се во тек сите заинтересирани во Театарот, ги изнесувам на увид списокот на драмските дела кои до сега ни беа лично врачени, испратени по пошта или препорачани;

За ВЕЧЕРНАТА СЦЕНА

Нада Зекманова-Јакимова: ЦАР САМОИЛ
Миодраг Мицев: ВЕРТИГО
Живко Чинго: ЛАЗАРЕВОТО ПЕСНО /предлог-адаптација С.Унковски/
Борис Вишински: РАЦИН
Васил Иљоски: ОКРВАВЕН КАМЕН
Бранко Пендовски: ПАТУВАЊЕ
Фадил Хаџиќ: ЧОВЈЕК НА ПОЛОЖАЈУ
СУДСКИОТ ПРОЦЕС - КАРНИЧЈУ /предлог-адаптација Д.Станковски/
Дејвид Стори: ПРЕСОБЛЕКУВАЛНА
Павлина Климкар-Механциска: СВЕТИЦА
Т.Арсовски: СКОК ПРЕКУ КОЖА
В.Гејскил и М.С.Кларк: ОД НАСЛОВНИТЕ СТРАНИ

За МАЛА СЦЕНА:
БОЛНИЧКОТ ОД... /монодрама/

За МЛАДИНСКО-ДЕТСКА СЦЕНА:
Влада Вукиповиќ: МРЕЖА ЗА ХВАТАЊЕ ВЕТРА /младинска/
Бранислав Нушиќ: ХАЈДУЦИ /младинска/
Ката Мисиркова: БЕЛОТО ЦИГАНЧЕ /младинска/
Жарко Петан: ОБТОЖЕНИ ВОЛК /детска/

За КУКЛЕНА СЦЕНА
Фране Пунтар: ХРУШКЕ ГОР - ХРУШКЕ ДОЛ

Сметам дека наведениот список на драмски дела не ги исцрпува сите занимливи предлози кои потенцијално постојат во Театарот. Верувам дека има луѓе меѓу нас кои можат да понудат интересни текстови, проекти за претстави или замисли, па во таа смисла и

ГИ ПОКАНУВАМ НА РАЗГОВОР

од кој би можеле да произлезат корисни резултати.

Од друга страна, забележливо е што многу дела од поранешните ПРЕДЛОГ-РЕПЕРТОАРИ воопшто не се поставувани на сцена.

Сигурно е дека една од главните причини за тоа е извесен недостаток на координација на желбите и стремежите помеѓу составувачот на ПРЕДЛОГ-РЕПЕРТОАРОТ и неговите реализатори.

Таквиот расчекор, ако не елиминиран тогаш би бил намален, кога сите заинтересирани за репертоарот претходно би ги изложиле своите сваќања и погледи за неговата физиономија, па и од таа причина повторно апелирам на предложениот ПРЕТХОДЕН РАЗГОВОР во кој однапред би можеле да се отстранат многу недоразбирања.

ДРАМАТУРГОТ НА ДРАМСКИОТ ТЕАТАР
Витомир Митевски

ДАЛИ НОЌЕ ДА СЈАЕЕ КУКЛЕНАТА СЦЕНА

Парадоксална е судбината на Куклената сцена при Драмскиот театар таа се роди во рамките на МНТ како никулец на еден нов Театар кој набргу ќе израсне во комплетна сценска куќа добивајќи го името "Драмски", но наедно и ќе заборави на својот зачеток, небаре се срами од него.

Можеби на многумина им се стори дека една афирмирана театарска куќа како што е нашата, нема потреба од "враќање на почетните позиции" и "унизување на куклени претставленија". Се разбира, сите не мислат така. Доказ е изработката на елаборатот за обновувањето на Куклената сцена кој од друга страна има за задача да ги увери сите компетентни дека кукларството не е на враќање назад, дека куклената уметност не е "спуштање на ниските гранки" туку уметност рамноправна со другите драмски форми и чија активност може само да му служи на честта на Драмскиот театар исто толку како и на Театарот во Македонија.

Куклените претстави прво почнаа да оретчуваат, за да во последните седум години можеме да набројиме само една единствена: "Бродот со зелена брада" = почесен примерок!
Тоа е се од 1971 година наваму.

Елаборатот е поделен на пет оддела при што во првиот е поместен уводот т.е. назначување на сегашната ситуација на кукларството во Македонија како појдовна точка, потоа следува вториот дел во кој се обидуваме да го истакнеме значењето на куклената уметност воопшто, а посебно во воспитувањето и образованието на децата. Во третиот оддел е даден кус развиток на Драмскиот театар од самостојната Куклена сцена до комплексна театарска куќа, а во четвртиот е изнесена на видело судбината на Куклената сцена. Од овој оддел ќе ги издвоиме најкарактеристичните мисли:

"Факт е дека нивото и квалитетот на куклените претстави во целина и покрај сите напрегања на ансамблот не е на онаа висина која ја наоѓаме кај истакнатите куклени театри во земјата... Некој кој ги гледал претставите пред повеќе години и би ги споредил со овие

подоцнежните би забележал дека тие не се ниште полоши одошто некогаш биле, но на тој мудрец би му одвратиле дека ако во уметноста се остане на определено ниво, тоа е рамно на назадување. Условите во кои се создавал куклениот театар кај нас диктирале определен квалитет, но како времињата се менуваат - условите се подобруваат, а тие бараат нови квалитети. Старите шаблони на куклената игра стануваат надминати, преживеани и кога тие ни се нудат како плод на уметноста еден критички расположен гледач тоа не може да го сфати поинаку освен како анахронизам. Таквите претстави се под ивото на современието и најприродно е што предизвикуваат здодевност па дури и одбивност. Се чини дека такво нешто се случува со Куклената сцена при Драмскиот театар.

Таа состојба не мора да биде криза, можеме да ја наречеме и вакуум кој за жал е неминовен во секоја творечка уметничка дејност, но сепак остануваат нејзините негативни последици. Тие практично се манифестираат како незаинтересираност на артистичкиот ансамбл за учество во куклените претстави."

Предлог за излез од оваа ситуација е направен во петтиот оддел и него би можеле да го формулираме во три точки:

1. За редовно и успешно функционирање на куклената сцена неопходно е создавање на трајно јадро од артисти /четири/ специјално подготвени за кукleни претстави со еден стручњак како уметнички советник и раководител.

2. На овој ансамбл би му придодале уште /четири/ техничари кои ќе се грижат за техничката подготовка на претставите.

3. Вака оформена сцена ќе биде финансирана посебно, со додатни средства но во рамките на Драмскиот театар.

Со основните мисли на елаборатот се запознавме. Да го сочекаме одговорот на надлежните.

НАШИ ПРЕМИЕРИ

На еден од изминатите состаноци на Уметничкиот совет беше расправано за организирање на разговори-дискуции по повод премиерните изведби што ќе бидат реализирани на сцените на нашиот Театар.

Дискусијата се конкретизира околу тоа дали е подобро да се организираат ПРЕТПРЕМИЕРНИ или ПОСТПРЕМИЕРНИ РАЗГОВОРИ.

Аргументи имаше и за првиот и за вториот предлог но на крајот како дефинитивното решение да изостана. Така проблемот е сеуште отворен. па во прилог на негово конечно решавање би можеле во оваа прилика да го изнесеме и нашиот став, според кој без многу двоумење би гласале на ПРЕТПРЕМИЕРНИТЕ РАЗГОВОРИ што беа организирани минатата година во "Салон 19,19" кои се сведуваа: или на "учени предавања од бината" каде што "специјалистите" ги подучуваа присутните "што сака да каже авторот и режисерот" со делото што ќе се изведе, или на странични прашања на неупатените од салонот, ИЛИ, обично се се сведуваше на бркотница во која едни други се надмудруваа, но за претставата што идеше никако не стануваше збор. Зошто?

Да одговориме просто: НЕ МОЖЕ ДА СЕ ДИСКУТИРА ЗА КВАЛИТЕТОТ НА ВЕЧЕРАТА ПРЕД ТАА ДА СЕ ПРОБА!

Во "Салонот 19,19" изјавите на творците на претставата што иде и на нејзините идни "конзументи" беа изнудени, јалови бидејќи се водеа за НЕШТО ШТО ДОПРВО ТРЕБАШЕ ДА СЕ СЛУЧИ - ПРЕМИЕРАТА. А за нешто што уште го нема навистина е тешко да се дискутира.

Од досега изложеното некако сам по себе се наметна и ставот по второто прашање околу РАЗГОВОРИТЕ, а тоа е: дали тие да бидат ЈАВНИ ИЛИ ОД ЗАТВОРЕН ТИП /што значи учество само на внатрешните членови на Театарот или во најдобар случај со присуство на "заинтересираните фактори"/.
Сметаме дека дискусии од затворен тип имаме и онака на претек.

На Театарот му е потребна ЈАВНА САТИСФАКЦИЈА! За неговата дејност треба да се сослушаат мислењата на оние заради кои тој егзистира.

Тоа е начин да се воспостави отворен контакт со публиката, кое значи тесна соработка на Театарот со средината во која дејствува.

Според тоа нашиот глас недвосмислено го даваме за ЈАВНИ ПОСТПРЕМИЕРНИ РАЗГОВОРИ кои би го носеле не така амбициозното име РАЗГОВОРИ ПО ПОВОД ПРЕМИЕРАТА.

Наскоро ќе имаме прилика да организираме еден таков разговор по повод премиерата на "Хамлет". Можеби тој разговор нема да изгледа токму онака како што горе предложивме, но еден битен услов веќе задоволува: Тоа ќе биде дискусија за нешто ШТО СЕ СЛУЧИЛО!

Со желба дискусијата да биде по аргументирана и плодна, го поднесуваме нашиот избор од критиките кон претставата што беа објавени во некои наши весници.

"ВЕЧЕР" 1.1о.1977
пишува: Петре Бакевски

/СПОРЕДЕТЕ ГИ ПОДВЛЕЧЕНИТЕ РЕЧЕНИЦИ-ТВРДЕЊА ПОД 1. и 2./

1.
"Унковски се определува низ "Хамлет" да говори и да ја провоцира нашата современа свест за оние нешта што денес можат да се покажат како моќни актуелни."

2.
"Тоа е "Хамлет" јасен, отворен, до крај откриен пред гледачот. Прашање е дали таков сакаше да го прими?"

1.
"Човекот во тој механизам е подреден на потребите на власта, а само "таинственият" Хамлет ќе биде ставен во некоја донкихотовска ситуација наспроти таа затруена тврдина."

2.
"Хамлет ќе нагласи дека ги чувствува сенките што го следат... Ќе им одговори цркузантски, ќе ги разобличи, ќе ја открие вистината за самиот да осознае дека мигот за акција е дојден."

1.
"Полоний на Ацо Ѓорчев мислам е жртвуван лик во оваа претстава. Таа жртва е направена во името на општата режисерска концепција."

2.
Овој лик како однапред да е осуден од Унковски, зашто не успеал да му го даде вистинското место во своето видување на целокупноста на "Хамлет".

"СТУДЕНСКИ ЗБОР" 1.1о.1977

пишува: Јордан Плевнеш

Конечно во Скопје дојде Хамлет. Го чекавме, години, векови и месечини, го чекавме во едно немерливо време и чекајќи го сонувавме во Историјата по морните патишта, на нејзиниот бескрај, постоејќи без него а сепак неизречливо многу со него.
Требаше да се роди Слободан Унковски и со него една генерација или повеќе од тоа - артисти, да застанат над работ од огромната театарска провалија наречена Шекспиријада, да го земат факелот на нејзината моќ по име Хамлет - принцот дански и да ни презентираат еден своевиден резон во неа, да се запишат во хронологијата на неговите духовни и истражувачи на крајот да го збогатат нашиот културен национален родопис со името на една од најпротивречните трагедии издигната до нивото на сеопшта филозофска парадигма: Одбрана или пустош на животот.

Мето Јовановски како Хамлет го понесе товарот на вековните болести на неговата иронија, но определувајќи се за самоуверената разгатка на комплексноста на таа задача паѓаше во искушенијата на недефинирана изразност на идејата, тенденцијата и смислата.

"НОВА МАКЕДОНИЈА" 2.1о.1977

пишува: Борко Зајмировски

"Во претставата "Хамлет" најверно се доживува човечката драма. Во дадена политичка ситуација посебно кај главниот лик, што е и најуниверзалното обележје на ова дело - трагедија на карактери. Елементите на општественото политичкото во неа, јасно се согледуваа, посебно преку режисерскиот израз, што го збогатуваше мотивот на претставата, а не ја прејде границата која, во контекстот на поделените улоги и поставените задачи, би претставувала цел само за себе."

"Илија Џувалековски го толкува ликот на Клаудиј а Ацо Ѓорчев на Полониј. Од театарски аспект нивниот третман има сличен ефект, затоа нивните остварувања, поткрепени од значајната искуство, донесуваат целовити резултати во формирањето на ликовите и во односот кон текстот, но за еден чекор нивниот приод е понастрана од опитмот тек на претставата во која учествуваат.

Сугестивноста и контактот со останатите ликови би имале уште поголемо значење, да не се настваат одвреме навреме во игра сама за себе."

"ПОЛИТИКА" 18.1о.1977

пишува: Мужаром Первиќ

"Унковски је био скроман, али не и уплашен. Он није толико изоштравао колико је поденавао: сви токови, политички, етички, психолошки, порођајни, љубавни, метафизички, су ту, али минимализирани, примерни савременој осећајности. Хамлет Слободана Унковског и Драмског театра је још само толико трагедија колико је трагедијско осећање света данас уопште могуће, и на начин на који је ово осећање још присутно.

Пробијајући се кроз Шекспиров текст, Унковски је једновремено отварао пут глумцима до улога које су узели на себе, као и врата публици која можда први пут види Хамлета. Отуда је овде тумачити значило учинити криминалну причу јасном, и, по могућности, не изгубити све друге димензије драме".

"Унковски није одвео политизирао, иако Фортинбрас стоји на почетку и на крају његовог Хамлета, свеједно што се појављује само на крају. Гилденстерн и Розенкранц су нека врста приватних детектива, Озрик ухода. Полоније /Ацо Горчев/ је више дворска луда него краљев министар. Историја и улоге које човеку припадају у свету виших интереса јаче су од појединца, од његовог хтења и разума. У почетку беше месо, питање; на крају су војске, на крају је Фортинбрас, човек који командује, склања лешеве, узима власт у руке. Круна никад не остаје без главе. Човек без улоге, који се пење на историјску сцену да би улогу играо, у средишту је Хамлета Драмског театра из Скопља. Конфликт ове две сфере, јавне и личне, политичке и интимне, покреће и испуњава Хамлета Слободана Унковског. Унковски, заправо, драматизује овај раскорак између лица и маске, човека и улоге коју он на себе узима. Разуме се ова подвојеност није једнака код свих лица у Хамлету, нити се сва лица једнако односе. Оно што долази на крају једнозначно је; у Фортинбрасу нема дилема ни упитаности, ни оне унутрашње напетости и глади од које пати Хамлет. Фортинбрас то је она "друга драма" која се даје после Хамлета, али која је овде доведена у везу са хамлетовштином"..

"Сцена са глумцима била је боља од сцене са гробарима".

"ЕКСПРЕС ПОЛИТИКА" 11.X.1977

пишува: Слободан Селеник

Разумно, увек са разлогом, и мишљу, и зналачки, Унковски развија дате односе и ситуације, покушавајући заједно са ансамблом да усвоји и у себи обради компликовани случај из Елсинорског дворца речником, гестом и динамиком сопственог доба и генерације која жели да пронађе свој идентитет и потврди своју посебност. Ноторне фразе и ситуације из толико познатог текста доследно су лишаване историјског ореола, свођење на величину и значај свакодневних израза. Хамлет Мета Јовановског, редитељевог вршњака, најбољи је када је најсуздржанији, јер тада недвосмислено свету који је окружен малим лажима, изгубио смисао за велике истине.

КУСИ ВЕСТИ

Неодамна беа предадени на печатење материјалите од Симпозиумот одржан во декември 1976 по повод 30-годишнината на Драмскиот театар во Скопје.
Рефератите на излагачите од Симпозиумот ќе бидат објавени заедно, во вид на Зборник.

xxx

По повод убавиот успех што го доживеа претставата "БАШ ЧЕЛИК" како наш претставник на Фестивалот на детето во Љубљана, деновиве подготвивме избор од критиките објавени низ југословенскиот печат кои ја квалификираат изведбата како "една од најдобрите на Фестивалот". Кон критиките се додадени и записите од магнетофонската снимка на излагањата на Тркалезната маса во Љубљана во врска со претставата. Изборот е издаден под наслов "Одзиви од претставата "Баш Челик" во југословенската јавност".

xxx

После многуте предлози и обиди Малата сцена да го добие своето вистинско место во Театарот, еве го и најновиот: наскоро пред Уметничкиот совет ќе се најде на разгледување елаборатот на Димче Станковски во кој се среќаваме со неговата концепција за значењето, функциите и перспективите на овој наш сеуште неадекватно и недоволно искористен сценски простор.

xxx

Во најскоро време се очекува да започнат подготовките на претставата за Тито, која ќе ја режира Љубиша Георгиевски врз основа на текстот од Бранко Пендовски.

xxx

Една убава иницијатива на два наши артисти: Видосава Грубач и Љиљан Ангеловски веќе подолго време ја подготвуваат изведбата на текстот "Без третиот" од Милан Беговиќ. Да се надеваме дека на еден од идните состаноци на Уметничкиот совет нивниот проект ќе добие виза за сценска реализација.

ххх

Уште една самостојна акција за одбележување: артистите Мите Грозданов и Емилија Андреева под раководството на режисерот Драган Велјановски ја подготвуваат изведбата на драмскиот текст "Тигар" од Кизгал.

ххх

Овогодишната Републичка награда "11 Октомври" во областа на сценските уметности од нашиот театар ја доби артистот Ацо Јовановски за улогата на Фезлиев во претставата "Црнила" од Коле Чашуле.

ххх

Коле Ангеловски е добитник на југословенската награда "МЛАДО ПОКОЛЕНИЕ" за режија на претставата "Баш Челик" и поради вонреден творечки пристап кон театарот з а д е ц а.

ххх

Драмскиот театар е поканет со својата претстава "Цар Едип" да учествува на манифестацијата "Драмската класика на југословенските сцени" што се одржува во Лесковац. Театарот ќе настапи на 3 ноември.

ххх

Деновиве се очекува доаѓањето на директорот на Театарот БАГАТЕЛА од Краков, Мјечислав Горкиевич, со кој ќе се потпише договор за взаемни десетодневни гостувања како и за размена на текстови, режисери, сценографи, костимографи и сл.

ххх

Врз основа КОНВЕНЦИЈАТА ПОМЕЃУ Југославија и Бугарија за културна соработка, определена е размена на Театарот од Пловдив и Драмскиот театар од Скопје.
Театарот од Пловдив се јави писмено и телефонски со барање да се реализира таа размена. Драмскиот театар ги превзема сите потребни чекори во таа смисла.

НИЗ ПЕРИОДИКАТА ЗА ТЕАТАРОТ

За да би биле во тек со современите настани од областа на театарската уметност, Театарот се претплати на неколку еминентни страни и домашни списанија.
Од страните ќе ги наведеме: "Plays and players" од Англија, "The Drama Review" од САД уредувано од познатиот театролог Мајкл Кирби, реномираниот Западно-германски "Theater heute" и советскиот "Театр". Од домашните ќе ги следиме: "Сцена" од Нови Сад, "Пролог" од Загреб и "Позориште" од Тузла.
Сите наведени списанија може да се добијат /позајмат/ на читање кај драматургот започнувајќи од јануари 1978 година.

Поради објективни причини, во моментот не сме во состојба да понудиме информации за најновите странски списанија, а од домашните можеме да ги препорачаме последните два броја на "Сцена" /3 и 4/. Во таа смисла ќе се задржиме на главните тематски проблеми што тие ги донесуваат.

Освен редовното известување од Стериното позорје што обично секоја година го донесува третиот број на списанието, посебен интерес кај нас предизвикува излагањата од Малата трибина при Стериното позорје на тема: "КАКОВ ТЕАТАР САКАМЕ ДЕНЕС".

Како увод /предговор/ на Трибината е земен рефератот на Бојан Штих "Пролегомена" за трактат за барање на народен театар"/објавен во претходниот број/ во кој се среќаваме со парафразирање на помодните теории за ревалоризација на театарот како институција што всушност се сведува на негово негирање, рушење. Тоа е прв и неопходен услов и за да театарот тргне напред. На неупатениот читател сето ова може да му изгледа револуционерно, но кога на крајот авторот ќе кресне раце од било каква акција во таа насока бидејќи "Гледачите и артистите што сакаат безвезен театар сепак се во већина", тогаш во нас се раѓа недоумица: зошто толку пароли на преку дваесет страници за нешто што "однапред е отпишано"?(

Многу посериозен придонес за Трибината претставуваат искуствата на "Театар у гостима" што ни ги донесува Фабијан Ловагович кои умесно компарирани со искуствата на репертоарните театри, дејству-

ваат на нас поучно и инспиративно, нарочно по прашањето за односот помеѓу уметничкиот и административен-техничкиот персонал, внатре во секоја театарска куќа.

Коле Чашуле како следниот излагач укажува на состојбата на домашниот драмски автор "кој ја дели судбината на останатите трудбеници во Театарот и со тоа што во однос на театарот кој го изведува неговиот текст се наоѓа "во наемен однос". Излезот се предлага во укинување на неговиот статус на "гост во театарот".

Властимир Стаменовиќ ги изложува своите погледи за сегашните актуелни проблеми во седум тези за разговор. Тој пред се истакнува дека "во однос на општите текови и развитокот на нашето самоуправно општество, организацијата на театрите не задоволува и не е на ниво на севкупниот општествен развиток". Оттаму често се случува "општеството да се јавува во улога на интервент, да ги гаси пожарите, т.е.ги покрива губитоците на театрите"... Затоа, ако се зборува за некаква криза, "тогаш таа е во внатрешните односи-тие не се прилагодуваат на внатрешниот развиток на театарот". Според авторот многу нешта би се изменила ако се сфати дека основна цел на дејноста на секој театар не е неговиот опстанок како институција тук-у "само единствено театарската претстава како креативна цел".

Според Драгица Томас "институцијата не може да биде пречка на театарскиот развиток, ако е таа добро организирана". Вистинска кочница се луѓето во театарот и тоа одговорни..."кои го убиваат секој наш занес и волја, без што нема напредок".

Јанез Повше смета дека "релативно малу знаеме каков театар сакаме", но дека едно е јасно: "потребно е тој наш театар навистина да биде наш", изграден врз согледувањето на сопствените уметнички потенцијали, наследени претпоставки.

Додека Иван Ивановски како голем недостаток на македонските театри го смета немањето физиономија и стил односно долгорочна репертоарска политика, Иванка Рацков предлага основање на театарски комуни секаде каде што тоа е можно како најдобар лек за сегашната состојба. На крајот ќе ја споменеме интересната идеја на Светозар Пилетиќ за основање на фабрика која ќе произведува театарски декор, реквизити

па дури и сценографија и костими по порачка, која би била општојугословенска, а би имала свои продажни пунктови во сите театри низ земјата. На тој начин сите овие материјални претпоставки за една добра претстава би биле решени на професионален ниво, а покрај тоа и ефтино. Идеја можеби утописка но за која секако треба да се размисли.

Тоа беа накусо излагањата на учесниците на Трибината, а нам ни остана да си извлечеме заклучок дали таа го донесе одговорот на поставеното прашање - каков театар сакаме? Уште повеќе, колку тие учени дискусии можат да донесат нешто ново во нашата театарска пракса, поготову ако го имаме на ум цитатот на Јан Кот /од страна на излагачот Драгица Томас/ според кој "театарските расправи за театарот се слични на оние од сексологија: праксата им е најважна комплетна, т.е.треба да се стори а не пишува".

Следниот број на "СЦЕНА" /број 4/ целосно е посветен на темата: ЗАБОРАВЕНИ ВРЕДНОСТИ НА НАШЕТО ДРАМСКО НАСЛЕДСТВО, обработувана на Јавната трибина на Стериниото позорје.

Секој референт поодделно се труди да ископа нешто "неоткриено" или "заборавено" од сопствената средина, при што никому не може да му се одрекне искрено настојување да се направи откритие. Се чини, некои наши театарски работници разочарани од плодовите на современиетои песимисти во однос на иднината, решија на своите современици да им одржат лекција и за поук да им ги дадат "драмските сочиненија" на нивните претци. Така покрај познатите, откривме многу имиња за прв пат, не помалку и наслови на драмски текстови, но дали откривме и нешто повеќе? Неоспорно, ова беше патриотски потег, на извесен начин и должност спрема изминатите генерации, сепак се чини дека тоа беше се.

Р. ф. У — Скопје

АКТУЕЛНО ОД ЈУГОСЛОВЕНСКАТА СЦЕНА

Со намера на читателите на овој Гласник да им пружиме концизна информација за она што моментно се случува на театарските сцени во нашата земја, оваа рубрика би ги донесувала накратко изложено вестите од дневниот и неделниот југословенски печат, каде што пред се ќе го најдат своето место информациите за репертоарната политика на другите театри, премиерните и се што побудило посебен интерес во нашата јавност на планот на театарската уметност.

Овој пат, неколку информации од СР Словенија.

Битката водена минатата сезона за што поголем број на домашни драмски остварувања во Словенија, според зборовите на Јоже Јавершек почнува да спласнува, и тоа тој се трудува да го илустрира на примерите од водечките прикази на репертоарниот план на наведените театри.

Еве го табеларниот приказ направен според излагањето на Јавершек.

вкупно премиери	врз база на домашен текст	автор	наслов
СНГ Љубљана			
8	2	Потрч	"Крефловиот имот"
		Држиќ-Рупл	"Дундо Марое"
СНГ Марибор			
1о	4	Партљич	"Оскубете го јастребот"
		Гргиќ	"Висок партер"
		Јурчиќ-Инкрет	"Десетиот брат"
		Хациќ	"Централа"
Местно гледалиште Љубљана			
	5	М.Зупанчич	"Од таква сме градба...
		Партљиќ	"Колаж од негови драми
		Д.Јовановиќ	"Генерации"
		Л.Крајгер	"Школка"
		Чубар	"Бубашваби"
НГ Целје			
5	4	Р.Шелиг	"Вештерките.."
		Партљич	"Оскубете го јастребот
		Цанкар	"Убавата Вида"
		Шеховиќ	"Курви"

Стално словенско гледалишче Трст

3	3	Жупанчиќ	"Вероника Десенишка"
		Нушиќ	"Власт"
		Чашуле	"Вител"

Разгледувајќи го односот помеѓу драмите од домашни и странски автори, /и покрај недостаток на целосните податоци/ гледаме јасно дека словенечката драматургија ни од далеку не е во таква опасност како што претпазливиот Јаворшек сака да ни претстави. Поготову не може така да ни изгледа нам, од аспект на приликите во нашите театри во Македонија.

Б. БЛ. ОТ. ЕА РО ФДУ — Скопје